20090731276

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 9 став 2, член 17 став 1, член 24 став 1, член 25 став 6, член 27 став 2, член 28 став 5 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување ("Сл.весник на РМ" бр.25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006,1 8/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009 и 67/2009), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 04.06.2009 година, донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ**

**Член 1**

Во Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување ("Сл.весник на РМ" бр.111/2000,4/2001,71/2001,23/2002,55/2004,30/2006,26/200759/2008,64/2008,128/2008,164/2008 и 22/2009) во членот 4 став 2, точката на крајот од реченицата станува запирка и се додаваат зборовите: „односно лицето кое бара утврдување на својство на осигуреник, односно осигурено лице".

**Член 2**

Во членот 5 по ставот 1 се додаваат два нови става кои гласат:

"Привремено невработените лица додека примаат паричен надоместок од осигурување во случај на невработеност и невработини лица кои активно бараат работа и кои се пријавуваат во Агенцијата за вработување на Република Македонија, доколку немаат друга основа на осигурување и кои прв пат бараат утврдување на својство на осигуреник, кон пријавата за задолжително здравствено осигурување приложуваат:

- извод од матичната книга на на родени, односно венчани;
- лична карта на увид;
- здравствена легитимација:".

"Државјаните на Република Македонија од член 5 став 1 точка 15 од Законот за здравственото осигување кои бараат утврдување на својство на осигуреник, кон пријавта за задолжително здравствено осигурување приложуваат:

- уверение за државјанство на Република Македонија;
- извод од матичната книга на родени ,односно венчани;
- уварение од Управат за јавни приходи за остварени приходи;
- потврда од Агенцијата за катастар на недвижности дека не поседува земјоделско замјиште;
- лична карта на увид.
- здравствена легитимација.".

Ставовите 2,3 и 4 стануваат став 4, 5 и 6.

### Член 3

По членот 5 се додава нов член 5-а кој гласи:

„Член 5-а

Лицата од член 5 став 3 на овој правилник на секои 9 месеци, лично се пријавуваат во подрачната служба на Фондот според местото на осигурување, со доставување на нова документација утврдена во во истиот член.

Лицата од член 5 став 3 на овој правилник, за секоја околност што предизвикува промена на основот на осигурување веднаш ја известуваат подрачната служба на Фондот.

Ако лицата од став 1 и 2 од овој член, од страна на Фондот или друг надлежен орган се затекнат да работат, се работно ангажирани или вршат дејност спротивно на закон го губат правото од задолжително здравствено осигурување освен правото на итна медицинска помош, до осигурување по една од точките од 1) до 14) од став1 на член 5 од Законот за здравственото осигурување.

За случаите од став 1 и 3 на овој член, Фондот со решение по службена должност осигуреното лице го одјавува од задолжително здравствено осигурување“.

### Член 4

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од Министерот за здравство.

Одредбите на член 1 и 2 од овој Правилник ќе се применуваат од 1.06.2009 година.

Бр. 02-11067/3
4 јуни 2009 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Фисник Ибраими,** с.р.